# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1702-314/7 од 1 октомври 2014 година донесена на 86. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 1 октомври 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *сметководство* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” , „Утрински весник“ и „Коха“ на 18 септември 2014 година и во предвидениот рок се пријави: д-р Благица Колева, асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложената документација на кандидатката, чест ни е на Наставно - научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Благица Колева (Јованова)** е родена на 5 октомври 1983 година во Струмица. Основно образование завршува во ОУ „Гоце Делчев“ во Василево. Средно образование завршува во 2002 година во ДСУ Гимназијата „Јане Сандански“ во Струмица – насока Економски техничар. Во учебната 2002/2003 година се запишува на Економски факултет при Стопанска академија „Димитар Апостолов Ценов“ во Свиштов, Р.Бугарија, на отсек Сметководство и ревизија, каде што и дипломира во јуни 2006 година со просек 8,59, со што се стекнува со стручен назив дипломиран економист.

Во учебната 2006/2007 година се запишува на потдипломски студии на Економски факултет, Стопанска академија „Димитар Апостолов Ценов“ во Свиштов, Р.Бугарија, на отсек Сметководство и ревизија, каде што во октомври 2008 година се стекнува со научен степен магистер на економски науки од областа на сметководство и ревизија, со просечна оценка 9,76 по успешна одбрана на магистерскиот труд на тема „*Финансиската анализа – инструмент на финансиската контрола*“.

Д-р Благица Колева го продолжува високото образование на трет циклус студии, во јули 2011 година, пријавува докторска теза на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под менторство на проф. д-р Билјана Ангелова. Докторира на 15 август 2014 година, кога со успех ја одбранува тезата со наслов „*Ревизорска етика и одговорност во современата професионална практика на раководење со ревизијата*“, со што се стекнува со академско звање – доктор на економски науки.

Во својата работна кариера, во областа на сметководството, кандидатот од 2007 до 2010 год. работи како стручен соработник во Одделот за сметководство на ДТУТ „Столе компани-М“ - Струмица. Со работа продолжува како волонтер на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип од 2009 до 2011 година, сè до изборот во звање помлад асистент.

Во периодот од септември 2011 година до мај 2014 година, кандидатката работи како помлад асистент, а од јуни 2014 г. – тековно како асистент од областа сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на предмети од областа на сметководството и ревизијата.

Кандидатката има особен придонес во реализацијата и учество во повеќе проекти, како активен член во организацијата на НВО Здружение на граѓани „Екумена“ - Василево, преку проекти финансирани од странски и домашни донатори. Проектите се именувани како: „Бир ики“, „Ликовен еко монмарт“, „Кружно движење на отпадот“, како и учество во научноистражувачки проект во Р.Бугарија, под наслов „Ефикасност и економски раст на индустрискиот бизнис во современите услови“.

Д-р Благица Колева поседува лиценца за овластен сметководител, лиценца за вештак од областа на сметководственото, материјално и финансиско работење и лиценца за овластен проценител на капитал на трговски друштва, јавни претпријатија и други субјекти.

Покрај активното користење на англискиот, бугарскиот и српскиот јазик, кандидатката има одлично познавање и на работа со компјутери: Ms Office: Word, Excel, PowerPoint, Visio, Microsoft Outlook; Business in a Box; SPSS; Internet.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање доцент***

– Д-р Благица Колева е доктор на економски науки, при што јавно ја одбранува докторската дисертација на 15 август 2014 година. Докторската дисертација е од областа на сметководството.
– Д-р Благица Колева на прв циклус студии, како дипломиран економист, има остварен просечен успех од 8,59.
– Д-р Благица Колева на втор циклус студии, како магистер на економски науки, има остварен просечен успех од 9,76.
– Кандидатката д-р Благица Колева има публикувано вкупно 21 научноистражувачки труд, од кои 4 се публикувани во меѓународни научни публикации (сите публикувани трудови се достапни на е-репозиториум на УГД, односно на:
– http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Jovanova=3ABlagica=3A=3A.html
– http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Koleva=3ABlagica=3A=3A.html

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Год. на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Благица Јованова** | Analaysis and observations from the rivision of the state budget of the Republic of Macedonia in the last 5 years. | International scientific assembly ES-NBE 2011 Economic Science in Function of Creating a New Business Environment. http://www.efpr.edu.rs/ES-NBE2011/ZBORNIK%202.pdf | 2011 |
| 2 | **Благица Јованова** | Difference between DAS 28 and IAS 28. | Menagement and Education 1 (7) ISSN 13126121 http://www.conference-burgas.com/org.html | 2011 |
| 3 | **Благица Јованова** | International standard on auditing 800 the auditor`s report on special purpose audit engagements. | Menagement and Education 1 (7) ISSN 13126121 http://www.conference-burgas.com/org.html | 2011 |
| 4 | **Благица Јованова** | The Foreign Trade of Bulgaria in the Period 2000-2008 Trends and Problems. | Narodnostopanski arhiv, ISSN 0323-9004 http://www.uni-svishtov.bg/NSArhiv/about.asp?tab=&magazine=7 | 2010 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Благица Колева со наставно-образовна и научноистражувачка дејност започнува од 2009 година како волонтер - асистент на Економски факултет при УГД, каде што била ангажирана на премети од областа на сметководството и ревизијата. Основни активности во тој период биле: одржување на вежби на студентите, подготовка на материјали за вежби и стручни практикуми, тестатор на колоквиуми и испити, преглед на тестовите на студентите.

Кандидатката д-р Благица Колева во септември 2011 година е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Економски факултет при УГД, во областа сметководство.

Со звањето помлад асистент, во изборниот период од 2011 до 2014 година е ангажирана на следниве предмети:

- Зимски семестар 2011/2012 година (вкупно 10 часа): Управувачко сметководство; Меѓународни сметководствени стандарди;
- Летен семестар 2012/2013 година (вкупно 12 часа): Сметководство; Кредитна политика; Современи здраствени политики; Систем на здраствена заштита на Р.Македонија; Јавно здраство; Економика организација и финансирање на локално здраство;
- Зимски семестар 2012/2013 година (вкупно 12 часа): Управувачко сметководство; Трговско право; Меѓународни сметководствени стандарди; Сметководствени информациони системи;
- Зимски семестар 2013/2014 година (вкупно 20 часа): Управувачко сметководство; Меѓународни сметководствени стандарди; Меѓународни стандарди за финансиско известување; Анализа на финансиски извештаи; Сметководствени информациони системи;
- Летен семестар 2013/2014 година (вкупно 10 часа): Финансиско сметководство; Ревизија; Анализа на финансиски извештаи.

Во јуни 2014 година, кандидатката д-р Благица Колева врз основа на јавен конкурс е избрана во наставно-научното звање асистент-соработник, на која позиција работи тековно. Во рамки на оваа работна позиција е ангажирана на следниве предмети:

- Зимски семестар 2013/2014 (вкупно 12 часа): Управувачко сметководство; Корпоративно финансиско известување; Перење пари; Сметководствени информациони системи;

Предметните дисциплини од звање помлад асистент и асистент се содржани во студиските програми на Економски факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика во наставните центри: Штип, Струмица, Скопје и во Гевгелија.

Основни работни активности како помлад асистент и тековно асистент се: одржување на вежби на студентите од прва до четврта студиска година, подготовка на материјали за вежби и стручни практикуми, дежурање на колоквиуми и испити, преглед на тестовите на студентите, подготовка на студиски програми и елаборати, член на Комисија за прием на документи и уписи на студенти во прв циклус на студии, член на Комисија за проверка на студентско досие на Економски факултет – дисперзирани студии во Струмица, објавување на научни и стручни трудови, учество на домашни и меѓународни конференции и др.

Опусот на научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Благица Колева може да се увиди преку бројните трудови објавени во меѓународни публикациии списанија, како и преку трудовите објавени во стручни (научно-популарни) списанија, меѓу кои позначајни се:

- Koleva, Blagica (2014) *Ревизорска етика и одговорност во современата професионална практика на раководење со ревизијата*. PhD thesis, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Економски институт, Скопје (докторски труд)
- Jovanova, Blagica (2008) *Финансовият анализ – инструмент на финансовия контрол*. Masters thesis, D. A. Tsenov Academy of Economics – Svishtov. (магистерски труд)
- Dimitrova,Janka and GorgievaTrajkovska,Olivera and Koleva,Blagica (2014) *Инвестициската клима во Република Македонија низ призмата на законската регулатива*. Зборник на научни трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток - Запад“ (Култура, славјанство и економија). ISSN 978-608-4689-04-1
- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2012) *Основи на каматата - детерминанти и предвидување*. Гоишен зборник 2012, Економски факултет. ISSN 1857- 7628
- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Jovanova, Blagica (2012) *Влијание на глобализацијата врз процесот на сметководствена хармонизација*. In: Прва меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии „Од либерализација до глобализација”- предизвици во светот што се менува, 13-15 Септември 2012, Штип, Република Македонија (кандидатката поседува сертификат за учество)

- Fotov, Risto and Jovanova, Blagica (2012) *Стокообменъш между Р.Македония и Р.България*. Управување со бизнис. pp. 151-160.
- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Jovanova, Blagica (2012) *The impact of the global financial crisis on small and medium enterprises financing*. In: International Scientific Conference "Faces of the Crisis", March, 2012, "Europian University" Skopje, Republic of Macedonia (кандидатката поседува Сертификат за учество)
- Josheski, Dushko and Jovanova, Blagica (2012) *External audit and the relation between internal auditors,supervisory body and external auditors of the banking sector in the Republic of Macedonia*. Regulation of Financial Institutions eJournal, 14 (37). pp. 1-12.
- Jovanova, Blagica (2012) *Сравнителен теоретичен анализ на теориите от класическия подход и възможности за приложението им в съвременната бизнес практика*. Меѓународна научна конференција, Трендови и предизвици во развојот на економијата.
- Jovanova, Blagica and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2012) *Financial statements as "Business card" of business*. International Business School Botevgrad, Challenges in Contemporary Economy, IBS Press 2012.
- Jovanova, Blagica (2011) *Финансови, инвестиционни и очетни проблеми на търговския бизнес*. Съвременни измерения на търговския бизнес - комуникация между наука и практика (1). ISSN 978-954-23-0592-7
- Jovanova, Blagica (2011) *Analaysis and observations from the rivision of the state budget of the Republic of Macedonia in the last 5 years*. International scientific assembly ES-NBE 2011 Economic Science in Function of Creating a New Business Environment.
- Jovanova, Blagica (2011) *Difference between DAS 28 and IAS 28*. Management and Education, 1 (7). ISSN 13126121
- Jovanova, Blagica (2011) *International standard on auditing 800 the auditor`s report on special purpose audit engagements*. Management and Education, Burgas, 1 (7). ISSN 13126121
- Jovanova, Blagica (2011) *Theory Keynes-modern exit from crisis-problems and solutions*. International conference, Burgas (1). ISSN 9789549370782
- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Jovanova, Blagica (2011) *Инструменти на пазарот на кредити*. In: Годишен зборник 2011, Универзитет „Гоце Делчев" -Штип, Економски факултет. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип, pp. 94-103. ISBN 1857-7628
- Jovanova, Blagica (2010) *Оптимизам или нереални очекувања и надежи за решавање на глобалните проблеми со кои се соочуваат Е вропа и светот*. Јубилејна меѓународна научна конференција „Хоризонт 2020".
- Jovanova, Blagica (2010) *The Foreign Trade of Bulgaria in the Period 2000-2008 Trends and Problems*. Narodnostopanski arhiv, 1. ISSN 0323-9004
- Jovanova, Blagica and Georgievski, Nikola (2005) *Организация на финансовия контрол в Република Македония*. "Теорията и практиката на контрола - състояние и перспективи" Сборник статии от Юбилейна научна сесия. ISSN 954-23-0246-0

Д-р Благица Колева е автор и на неколку високошколски учебници, односно две рецензирани скрипти за предавања од областа сметководство и два рецензирани практикуми за вежби од областа на сметководство на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и тоа:

- Koleva, Blagica (2014) Ревизија на сметководствените информациони системи-скрипта. [Teaching Resource]
- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2013) Анализа на финансиски извештаи-скрипта. [Teaching Resource]
- Koleva, Blagica (2014) Ревизија на сметководствените информациони системи-Практикум.. [Teaching Resource]
- Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2014) Анализа на финансиски извештаи - Практикум. [Teaching Resource]

Д-р Благица Колева, покрај објавените научни и/или стручни трудови, има учествувано со усна презентација на неколку меѓународни и стручни конференции во земјава и во странство.

*Во земјава:*

1. First International Conference for Business, Economy and Finance - ICBEF 2012, Faculty of Economics, Shtip, University "Goce Delcev" – Shtip, Macedonia, (сертификат за учество)
2. First International Conference for Business, Economy and Finance - ICBEF 2012, Faculty of Economics, Shtip, University "Goce Delcev" – Shtip, Macedonia, (сертификат за учество)
3. International Scientific Conference „ The role of media in promotion of product and service" Skopje, European University,14 -15 .06.2012, (сертификат за учество)
4. International Scientific Conference „ The role of media in promotion of product and service" Skopje, European University,14 -15 .06.2012, (сертификат за учество)
5. International Scientific Conference „The Science and the Social Development", held at the European University – Republic of Macedonia, Skopje. 09.03.2014 (сертификат за учество)
6. International Scientific Conference „Regional economic cooper", held at the European ation in the process of globalization" State University of Tetovo, Republic of Macedonia, 2013 (сертификат за учество)

*Во странство:*

7. International Conference "Contemporary Management Practices VII" Projects and Regions Burgas, Bulgaria, 2012. (сертификат за учество)
8. International Conference "Contemporary Management Practices VII" Projects and Regions Burgas,Bulgaria, 2012. (сертификат за учество)
9. International Conference "Contemporary Management Practices VII" Projects and Regions Burgas,Bulgaria, 2012. (сертификат за учество)
10. International jubilee science conference "Economy and management in 21st century - solutions for stability and growth" November 2011, Svishtov, Bulgaria (сертификат за учество)
11. International jubilee science conference "Economy and management in 21st century - solutions for stability and growth" November 2011, Svishtov, Bulgaria (сертификат за учество)
12. Седма международна научна конференция на младите научни работници "Икономиката на България - пътят към еврото" University of National and World Economy,2011. (сертификат за учество)

**Евалуација на докторската дисертација под реден број 1**

*„Ревизорска етика и одговорност во современата професионална практика на раководење со ревизијата*"

Докторската дисертација со наведениот наслов третира актуелна, комплексна проблематика од областа на сметководството и ревизијата, каде што фокусот на вниманието е насочен кон ревизијата и раководењето, фази на ревизија, професионална етика и професионална одговорност на ревизорите, од каде што се третирани вредностите кои до сега се користени од многубројните ревизори низ практиката, а особено денес, со посебен осврт во земјите со развиени пазарни економии и современи стопански системи. Овој докторски труд има за цел да ја согледа посебната улога на вредносниот систем - искривени и прави вредности при примената на раководењето и етичката и професионална одговорност на ревизорите. Заради поуспешно извршување на поставената цел, таа е опфатена како комплексност од неколку поединечни цели и тоа: научно - теоретски, практично - искуствени и општествено корисни. Преку истражувањето во докторската дисертација се согледува профилот на ревизорот со професионализмот во работата и примерот на перспективен работник со модерна и актуелна професија. Понатаму, од анкетното истражување се согледуваат развојните перспективи на ревизорите на работните места во остварување на целите на претпријатија во Република Македонија, согласно со нивната мотивираност, комуникација, информираност, задоволство од раководењето и состојбата на меѓучовечките односи и вредности. Преку, синтетизирање

и верифицирање на резултатите од емпириското истражување, кандидатката доаѓа до заклучок за корелациската зависност помеѓу улогата на професионалното раководење на ревизорите и етиката и професионалната одговорност на ревизорите и етиката. Разработувањето на поставените задачи на истражувањето е во функција на потврдување на специфичната улога на ревизорите за ефикасно применување на етичките правила и концептот на професионална одговорност и морално раководење при остварувањето на ревизорската професија. Во заклучните согледувања, кандидатката Колева ги сублимира и ги презентира клучните наоди, заклучоци и препораки од теоретските и апликативните истражувања на докторската дисертација.

**Евалуација на магистерскиот труд под реден број 2**

„*Финансовият анализ – инструмент на финансовия контрол*" – магистерски труд

Магистерскиот труд на кандидатката се одликува со големо значење и комплексност, кои произлегуваат од обработката на исклучително актуелната проблематика од областа на сметководството - финансиската анализа, со обем од 204 страници. Кандидатката ги опфаќа суштинските, методолошките и применетите аспекти на финансиската анализа и финансиската контрола, кои се претставени како важни инструменти на контролната дејност на еден деловен ентитет. Методолошкиот пристап на анализата, контролата и проблемите во нивната организација и користење, се разгледани во услови на суштинската нормативна база на две соседни држави (Република Македонија и Република Бугарија), но и од аспект на нивната организација и поставеност во земјите на ЕУ. Трудот ги презентира првенствено теоретско-методолошките насоки на финансиската анализа, но опфаќа и некои основни карактеристики на анализата и контролата, од гледна точка на испитување на финансиските аспекти на бизнисот. Посебно внимание во трудот е посветен на организацијата на финансиската контрола во Република Македонија и во Република Бугарија. Направените резимеа и заклучоци за резултатите од контролната дејност во двете држави се илустрирани во повеќе фигури и дијаграми. Значаен придонес на истражувањето претставува одговорот на важни прашања поврзани со развојот на контролата во услови на влез на анализираните држави во ЕУ. Ова доведува до заклучок дека трудот се одликува со одлична теоретско-методолошка разработка, меѓутоа ги синтетизира и проблемите во организацијата на финансиската анализа и контрола во Република Македонија и во Република Бугарија, со што предлага практични решенија за нивно усовршување.

**Евалуација на трудот под реден број 3**

„*Инвестициската клима во Република Македонија низ призмата на законската регулатива*"

Во овој труд е анализирано значењето за остварување на прогрес и развој во стопанството, инвестициите претставуваат неопходен услов. Без инвестиции нема технолошки прогрес, па ниту напредок во целост. Инвестираењето претставува единствен начин за реализирање на целите на развојот. За да може едно општество да опстојува, а пред сè да се развива, потребно е перманентно да создава производни добра и услуги, за задоволување на потребите на населението. Преку законската регулатива во која влегуваат: царинската, даночната и надворешно-трговската политика што ја води Република Македонија, се создаваат поволни услови за зголемување на инвестициите како од страна на домашните инвеститори така и од странски инвеститори на територијата на целата земја, а посебно во технолошко-индустриски развојни зони.

**Евалуација на трудот под реден број 4**

„*Основи на каматата - детерминанти и предвидување*"

Во овој труд е разработено значењето на основната причина на постојаната флуктуација на каматните стапки, многу почестите промени во трендот на движење на приносот и комплексноста на самите кредитни инструменти. Каматата претставува износ пари кој се плаќа поради користење на одредена сума пари. За позајмувачите на пари каматата претставува извор на приход, додека за оние кои позајмуваат пари, таа е трошок на заемот. Вредноста која се позајмува и на која се пресметува каматата се нарекува основна вредност

или главница. Општо, каматата се изразува како конкретна стапка за одреден временски период, обично една година, при што и се нарекува годишна каматна стапка.

**Евалуација на трудот под реден број 5**

„*Влијание на глобализацијата врз процесот на сметководствена хармонизација*“

Во овој труд авторите го анализираат влијанието на глобализацијата врз процесот на сметководствената хармонизација, како и врз сметководствените системи и сметководствените професионалци. Глобализацијата претставува историски процес, дизајниран од потребата за зголемување на ефикасноста во алокација на ресурсите и развој на глобален светски пазар. Глобализацијата постанува нова димензија на светот. Главна цел на ова истражување е анализа на консеквенциите кои глобализацијата, преку нејзиниот развој и манифестации, ги предизвикува на полето на сметководството.Несомнено е дека сметководствениот систем има витална улога во целокупниот информативен процес во општеството и затоа се нарекува „заеднички јазик на бизнисот”. Авторите преку истражувањето во трудот ја потврдуваат уште еднаш важноста на процесот на сметководствена хармонизација, во комплексниот механизам на промени и движења, кои ги носи современата глобализација.

**Евалуација на трудот под реден број 6**

„*Стокообменъш между Р.Македония и Р.България*“

Предмет на трудот е прогресот и предизвиците за ефикасна соработка и размена на стоки и услуги меѓу Република Македонија и Бугарија. Во трудот е направена компаративна анализа на надворешниот сектор помеѓу Република Македонија и Република Бугарија за 2009 и 2010 година, анализиран е режимот на надворешно-трговската размена на стоки на Република Македонија во рамките на билатералните спогодби за слободна трговија и утврдувањето на доходната и ценовната еластичност на увозот и извозот на Република Македонија. Суверените национални економии имаат неприкосновено и автономно право да ги одредуваат мерките и инструментите на надворешната трговија на начин кој најмногу ќе придонесе за заштита на стратешките интереси на националното стопанство и за вкупниот економски развој на земјата. Притоа, се должни да водат сметка и за правата и интересите на останатите легитимни субјекти во меѓународната трговија. Со оглед на тоа што вкупните текови во меѓународната економија се од општ интерес за вкупниот економски напредок и благосостојбата во светот и имаат влијание врз одделниот развој на секој од учесниците во меѓународната трговија, речиси секогаш решенијата и мерките што ги преземаат имаат влијание врз другите трговски партнери.

**Евалуација на трудот под реден број 7**

„*The impact of the global financial crisis on small and medium enterprises financing*“

Во овој труд се посветува внимание на влијанието врз кое глобалната финасиска криза го има врз малите и средни претпријатија. Актуелниот проблем кај малите и средните претпријатија во обезбедување на доволно финансиски средства претставува заеднички предизвик за сите финансиски институции. Одтука, се бара решение како да се обезбедат доволно финансиски средства за малите и средните претпријатија, како да се олесни нивниот пристап до потребните финансии, како да се пронајдат финансиски шеми со кои ќе се промовира нивниот одржлив развој. Многу мали и средни претпријатија се принудени да банкротираат, поради недостаток на финансии, предизвикан од сериозната финансиска и економска кризи со кои се соочува светската економија.

**Евалуација на трудот под реден број 8**

„*External audit and the relation between internal auditors,supervisory body and external auditors of the banking sector in the Republic of Macedonia*“

Во овој труд авторите ги анализираа различните видови на ревизија, како што се: финансиската ревизија, регулаторната ревизија, оперативната ревизија, ревизијата на перформансите, ревизијата на информационите системи, ревизијата од аспект на животната средина и други. Но, во основа, се разликуваат два вида ревизија, на кои им е посветено

и главното внимание во овој труд: надворешна ревизија и внатрешна ревизија. Во трудот се анализираат главните цели на надворешната и внатрешната ревизија, нивната улога и одговорност, како и релацијата помеѓу внатрешните ревизори и надворешните ревизори и разликите кои постојат меѓу нив.

**Евалуација на трудот под реден број 9**

„*Сравнителен теоретичен анализ на теориите от класическия подход и възможности за приложението им в съвременната бизнес практика*"

Во трудот „Компаративна теоретска анализа на теориите од класичниот пристап и можности за примена во современата деловна пракса", авторката има за цел да направи компаративна анализа на погледите на неколку позначајни теоретичари од класичната теорија на економијата, со цел да се идентификува кои од правилата утврдени со нив ќе им помогнат на менаџерите во водењето на бизнисот. Во теоријата на менаџментот има јасно одвоени школи и насоки кои го изразуваат своето мислење, позиции и однос на авторите - творци на одделните школи. Еден од основните и најкарактеристични насоки е класичниот пристап. Иако основните ставови и позиции на авторите од овој пристап се основани пред повеќе од 120 години, со анализата во овој труд, авторот заклучува дека некои расудувања би можеле да се применат во практиката и во моментот.

**Евалуација на трудот под реден број 10**

„*Financial statements as "Business card" of business*"

Авторите во овој труд анализираа како финансиските извештаи претставуваат корисна алатка за прикажување на економската реалност за работењето на деловните субјекти, неопходно потребна на врвниот менаџмент на една компанија и останатите корисници (стејкхолдери). Финансискиот извештај претставува не само слика, со која се претставува состојбата на организацијата во даден момент, но и алатка врз основа на која се спроведуваат анализи и се одлучува за важни трансакции или инвестиции во претпријатието. Анализата на финансиските извештаи помага во јасно согледување на финансиската состојба, перформанси, парични текови и капитал на едно претпријатие, врз основа на која се донесуваат главните одлуки за иднината на деловниот субјект. При изразување на економските позиции на деловниот субјект потребно е правилно да се применат и/или интерпретираат податоците од финансиските извештаи. Главните квалитативни карактеристики кои треба да ги поседуваат финансиските извештаи се: квалитативно проверени, релевантни, навремени, верифицирани и веродостојни, непристрасни финансиски информации, ослободени од секакви предрасуди. Овие атрибути претставуваат главна подлога за анализа на финансиските извештаи и изведување заклучоци за три временски димензии на деловниот субјект: минатото, сегашноста и иднината.

**Евалуација на трудот под реден број 11**

„*Финансови, инвестиционни и очетни проблеми на търговския бизнес*"

Овој труд ги обработува финансиските, инвестициските и извештајни проблеми во трговскиот бизнис. Целта на трудот е да биде претставена целосна алтернатива за решавање на проблемите во трговскиот бизнис. Овие проблеми постоеле секогаш, но со почетокот на кризата во 2007 година тие се продлабочуваат и стануваат доста сериозни и забележливи, како во големите, така и во малите претпријатија. Трудот ги презентира основните канали за појава на влијанието на кризата во трговскиот бизнис: намалување на раст на пазарите во ЕУ и САД, со што се намали растот и на извозот, намалување на директните странски инвестиции, што доведе до слаба инвестициона активност и намалување на растот на кредитирање во економијата, со кои се намалува приливот на капитал и генерално забавување на економската активност (рецесија). Намалувањето на меѓународните цени како последица на кризата се одрази во пониски цени на извозот и увозот, што доведува до намалување на цените во земјата. Како резултат на кризата, на пазарот ќе останат само најсилните организации, а кои се тие ќе покажат пред сè нивните стратегии за справување со негативните влијанија на кризата.

**Евалуација на трудот под реден број 12**

„*Analaysis and observations from the rivision of the state budget of the Republic of Macedonia in the last 5 years*"

Авторот во овој труд ја анализира ревизијата на државниот буџет на Република Македонија во последните пет години. Годишниот план за финансирање на функциите и обврските на Република Македонија, на единиците на локална самоуправа и на фондовите, а се состои од годишна проценка на приходите и на трошоците по намени, се нарекува основен буџет. Буџетот се изготвува на годишно ниво, што значи секоја наредна година се изготвува нов. За да се утврди дали буџетот задоволил некои основни услови, односно дали бил: ефикасен, ефективен, законски и наменски користен, усогласен итн., секоја година Државниот завод за ревизија врши финансиска ревизија, ревизија на успешноста и ревизија на регуларноста. По извршената ревизија, заклучоците од спроведената ревизија во писмена форма се испраќаат до Министерството за финансии, каде што детално се објаснуваат и ако е потребно се даваат и соодветни препораки. Од направената анализа на резултатите од спроведените ревизии на Буџетот на Република Македонија се согледува следното: дали дадените препораки во конечниот извештај за системот на интерни контроли во постапката на планирањето на Буџетот на Република Македонија се спроведени, дали постојат контроли кои ќе осигураат законитост, целосност, точност и навременост во процесот на прибирање на изворните приходи на Буџетот на Република Македонија, дали контролните постапки функционираат ефикасно и правилно при откривањето или спречувањето на грешките во процесот на спроведувањето на Буџетот, дали финансискиот извештај вистинито и објективно го искажува резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

**Евалуација на трудот под реден број 13**

„*Difference between DAS 28 and IAS 28*"

Во овој труд се анализирани детерминантите и ефектите на разликите помеѓу националните и меѓународните сметководствени стандарди, пред сè, стандардите кои се однесуваат на вложување во придружени ентитети.

**Евалуација на трудот под реден број 14**

„*International standard on auditing 800 the auditor`s report on special purpose audit engagements*"

Целта на авторот во овој труд е да ги покаже и потенцира главните карактеристики на меѓународниот стандард за ревизија 800, МСР 800 „Ревизорскиот извештај за ревизорски ангажмани со посебна намена". Дадено е објаснување како треба да се изготви одреден финансиски извештај, подготвен во согласност со сеопфатната основа на сметководството и компонентите на финансиските извештаи. Опфатени се особеностите на ревизорските извештаи за ревизорските ангажмани со посебна намена, регулирани во МСР 800. Стандардот ги регулира условите кои мора да се почитуваат при изготвување на ревизорските извештаи, наведени во него.

**Евалуација на трудот под реден број 15**

„*Theory Keynes-modern exit from crisis-problems and solutions*"

Во трудот е објаснета и анализирана една теорија, чија цел е излез од економската криза, како и решавање на проблемите во истата. Во услови на актуелната криза, економистите бараат не само нови решенија, но и прават обиди за враќање или рехабилитирање на една или друга теорија со цел да најдат ефективен излез. Така, во последните три години интелектуалните пребарувања се вратија кон една реална теорија во 20 век - теоријата на Кејнз. Во трудот се поставува и анализира прашањето дали оваа теорија е применлива во денешни услови?

**Евалуација на трудот под реден број 16**

„*Инструменти на пазарот на кредити*“

Овој труд го анализира пазарот на кредити, кој претставува еден сегмент од финансискиот пазар на економијата, на кој се тргува со голем број инструменти. Како и класичниот пазар на стоки и услуги и овој пазар е место на коешто секојдневно се јавуваат нови финансиски производи и услуги, кои континуирано ги следат современите трендови на развојот и потребите на клиентите. Финансиските институции на кредитниот пазар нудат голем број различни инструменти, кои мора да се анализираат внимателно, со цел да се пронајдат најповолните инвестициони алтернативи коишто даваат највисок принос, со најниски трошоци. Овде се обработени кредитите, како основен инструмент на понуда и побарувачка на пазарот на кредити и обврзниците, кои по многу карактеристики се слични со нив.

**Евалуација на трудот под реден број 17**

„*Оптимизам или нереални очекувања и надежи за решавање на глобалните проблеми со кои се соочуваат Европа и светот*“

Овој труд ја анализира новата стратегија на Европската унија во однос на проблемите предизвикани во последните години, од човековата активност врз животната средина. Таа идентификува конкретно формулирани цели и приоритети за европскиот развој и економија, кои ќе придонесат за намалување на негативните влијанија кои се и фактори за создадените глобални проблеми во светот. Трудот ги презентира глобалните проблеми поврзани со животната средина и одржливиот развој, на кои се базира и стремежот да се преземат неопходните мерки во областа на новите предизвици за светот, што произлегуваат претежно од климатските промени и природните ресурси. Генерално е анализирано како зелената економија на Европската унија се базира на воспоставување на одржлив економски развој и економски раст. Авторот во трудот истакнува дека преку своите позиции, Европската унија треба да обезбедува развој, иновации и технологија, кои овозможуваат реализација на приоритетите и истовремено ги зајакнуваат конкурентните позиции на Унијата. Истакнува дека е потребно да се комбинираат различни компоненти и индикатори, кои одговараат соодветно на начинот на изградбата на зелената економија, во согласност со силно изразената еколошка ориентација.

**Евалуација на трудот под реден број 18**

„*The Foreign Trade of Bulgaria in the Period 2000-2008 Trends and Problems*“

Авторот се фокусира на актуелниот и значаен проблем на Република Бугарија, поврзан со водењето на нејзината надворешна политика. Предмет на истражување е периодот 2000 - 2008 година. Разгледани се десетте водечки држави во увозот и извозот, преку анализирање на општите показатели за размената на стоката. Во разработката на трудот се формулирани основни заклучоци кои се однесуваат на главните тенденции и проблеми во однос на размената меѓу десет водечки држави, на релација увоз и извоз, за време на разгледаниот период. Истражувањето се заснова на објавените статистички податоци за движењето на надворешната трговија на Република Бугарија, на податоците од веб-страницата на Министерството за економија, енергетика и туризам - http:www. mi.goverment.bg и останата надворешно - трговска статистика.

**Евалуација на трудот под реден број 19**

„*Организация на финансовия контрол в Република Македония*“

Во овој труд се претставени и анализирани органите во состав на Министерството за финансии во Република Македонија: Управа за финансиска полиција, Царинска управа, Државен девизен инспекторат, Управа за јавни приходи, Дирекција за спречување на перење пари, Управа за имотно-правни работи. Трудот ги презентира надлежностите и составот на Управата за финансиска полиција, како орган со посебни овластувања, согласно со Законот за кривична постапка, кој се грижи за доследна примена на прописите, особено од областа на финансиското, даночното и царинското работење. Анализата направена во овој труд ги евалуира надлежностите кои ги има Управата за финансиска полиција:

спроведување финансиска контрола, следење на примената на даночните, царинските и други прописи од областа на финансиите, прибирање и анализирање податоци за готовински трансакции, преземање предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела од областа на организиран финансиски криминал и кривични дела коишто се гонат по службена должност, како што се: даночно затајување, перење пари и други приноси од казниво дело, даночни, банкарски, осигурителни, берзански, царински и други измами, со износи од значителни и големи размери. Овој труд авторите посебно внимание им посветуваат на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола, кој го координира и унапредува системот на јавна внатрешна финансиска контрола, преку неговите три компоненти: финансискиот менаџмент и контрола, внатрешната ревизија и нивната хармонизација.

**Евалуација на рецензирана скрипта за предавања 20**

„*Ревизија на сметководствените информациони системи*" - скрипта

Скриптата под наведениот наслов во главни црти ги третира прашањата на дефинирање на раководење и планирање со ревизијата, ревизија заснована врз сметководствените информациски системи, потребата од контрола и ревизија на сметководствениот информациски систем, управувањето со функциите на информациските ревизиски системи и ревизија на компјутеризираниот сметководствен информациски систем.

**Евалуација на рецензирана скрипта за предавања 21**

„*Анализа на финансиски извештаи*" – скрипта

Основната ориентација во излагањето на содржината на оваа скрипта е презентација на една целосна анализа, која опфаќа повеќе елементи: анализа на деловната стратегија, анализа на сметководствените политики и финансиска анализа. Во кои се обработени прашања во врска со поимот, видовите и целите на анализата на финансиските извештаи, како дел од поширокота деловна анализа на работењето на претпријатијата.

**Евалуација на рецензиран практикум за вежби 22**

„*Ревизија на сметководствените информациони системи*" – практикум

Материјалот опфатен во овој практикум е поделен во два посебни дела. Првиот дел - *Системски базирана ревизија* дава насоки за системски базираната ревизија, којашто е една од главните ревизорски методологии кои се применуваат од ревизорите, дадени и објаснети се процедурите кои се применуваат во практиката при подготовка и планирање на ревизијата, утврдување и опис на системот, утврдување на ризиците и оценување на контролите наспроти ризиците, тестирање на контролите, ревизорски досиеја, а акцент е даден на надгледување (супервизија) на ревизиите, одговорности на раководителот, подготовка, организација и супервизија на ревизијата. Вториот дел - *Практични примери на ревизорски извештаи* го претставува главниот дел од содржината на практикумот, во кој се содржани повеќе примери од практиката, преку кои е прикажен начинот на примена на ревизорските извештаи во работењето на компаниите.

**Евалуација на рецензиран практикум за вежби 23**

„*Анализа на финансиски извештаи*" – практикум

Практикумот со наведениот наслов опфаќа практични примери (задачи и решенија), со примена на различните методи на анализа, пресметки и толкување на различните групи на финансиски показатели, како и користење на финансиски извештаи на познати компании од македонската и светската економија. Со дадениве примери во практикумот се овозможува правилно да се читаат финансиските извештаи и правилно да се толкуваат добиените резултати од пресметките. Преку изработка на вежбите прикажани во практикумот, студентите имаат можност да увидат како теоретското знаење од областа на сметководството можат да го применат во пракса.

Од приложената документација на кандидатката д-р Благица Колева може да се увиди дека станува збор за искусен и квалитетен наставно-научен кадар, кој преку долгогодишниот ангажман во наставно-педагошката дејност и активната научноистражувачката работа со

бројни публикации од областа, демнострира исклучително знаење и умеење во областа сметководство, а воедно и како наставно-научен кадар.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Стручно апликативна дејност на кандидатката д-р Благица Колева се:

1. Трудови во стручни (научно – популарни) списанија во земјава и во странство.
2. Во земјава (Годишен зборник на Економски факултет - Штип)
3. Техничко унапредување – Уверение за овластен сметководител, издадено од Министерството за финансии (потврдено со уверение).
4. Уверение за положен испит за проценувач од областа на трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица, издадено од Министерство за економија (потврдено со уверение).
5. Сертификат за завршена обука за проценувач на вредности на капиталот на трговско друштво, јавни претпријатија и други правни лица, издадено од Министерство за економија (потврдено со уверение).
6. Учество во научноистражувачки проект „Ефикасност и економски раст на индустрискиот бизнис во современите услови“.

**Евалуација на проектот:** Главната цел на научноистражувачкиот проект е практично применување на аспектите од истражувањето на релација “ефикасно-одржлив развој”. Во согласност со поставената цел се формирани следните подцели и задачи:

***Потцели*** - истражувањето на ефикасноста од користењето на човечките и капитални ресурси и истражување на влијанието на ефикасноста од користење на ресурсниот потенцијал врз одржливиот развој;

***Задачи -*** истражување на степенот на користење на ресурсниот потенцијал, предлагање на технолошки модели и процедури за практична анализа, откривање на трендовите во промената на ефикасноста од користење на човечки и капитални ресурси и можноста за нивното зголемувањето, формулирање на законски мерки во развојот на индустриските претпријатија, развивање на методолошки апарат за испитување на односот „капитални ресурси-одржлив развој”, истражување на влијанието на промените во степенот на користење на човечкиот фактор врз производствениот потенцијал и карактеристики на економскиот раст.

Предмет на истражување во научноистражувачкиот проект е ефикасноста од користење на ресурсниот потенцијал и неговото влијание врз економскиот раст на претпријатијата од различни сектори на индустрискиот бизнис. Истражувањето е сведено на теоретски и практични примери, со нагласен апликативен карактер. Во процесот на проучувањето се користени некои познати модели и индикатори и се адаптирани кон особеностите на индустрискиот бизнис. Голем број прашања се интерпретирани во нова светлина, согласно со современите трендови. Предложените аналитички зависности во научноистражувачкиот проект можат да се користат од економските субјекти за карактеризирање на релацијата „ефикасно-одржлив развој”.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област сметководство на Економски факултет во состав на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, по разгледувањето на документите едногласно го донесоа следниов заклучок:

По прегледот на доставената документација, Комисијата цени дека кандидатката Благица Колева, д-р по економски науки од областа сметководство, покрај доставената комплетна документација и исполнување на законските услови и критериуми согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип”, покажува и перманентен интерес и желба за научно напредување. Имено, кандидатката д-р Колева се истакнала со плодна педагошка активност, прикажувајќи висок корпус на знаење и стручност како помлад асистент, а подоцна и во звањето асистент од областа сметководство, на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Научноистражувачката работа на кандидатката ја потврдува нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и поширокатa област, како и стручноста со која владее во наставно - научната област сметководство. Ова е потврдено со објавените научни и стручни трудови и учество на меѓународни и домашни конференции и семинари. Стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, исто така, се дел од биографијата и работното искуство на кандидатката, утврдено преку публикувани трудови во научно-стручни популарни списанија, учество на стручна конференција и проект.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата заклучи дека има чест да рецензира биографија на еден солиден и квалитетен научен работник и со задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип **кандидатката д-р Благица Колева да ја избере за наставник во наставно - научно звање доцент за наставно - научната област сметководство**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Билјана Ангелова, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Јанка Димитрова, доцент, член, с.р.**
**Д-р Љиљана Конеска, вонреден професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор на звање помлад асистент | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Избор на звање асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| | ВКУПНО | | | | | 25 |
| Р. Бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 2. | **Дел од монографија или научна книга (Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум)** (р.бр. 20; 21; 22; 23) | 4 | 6 | | | 24 |
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир** Во земјава (р.бр. 3;5;7;) Во странство (р.бр. 6;8;9;10;11;12;13;14;15;17;18;19;) | 3 | 1 | 12 | 2 | 27 |
| 9. | **Учество на научен собир со реферат (усно, потврдено со сертификат за учество)** Во земјава (р.бр. 24; 25; 26; 27; 28; 29;) Во странство (р.бр. 30; 31; 32; 33; 34; 35;) | 6 | 1,5 | 6 | 2 | 21 |
| 10. | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | / | / | 8 |
| 11. | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | / | / | 4 |
| | ВКУПНО | | | | | 84 |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 5. | **Труд во стручно (научно популарно) списание** Во земјата (Годишен зборник на Економски факултет – Штип) (р.бр 4; 16;) | 2 | 1 | | | 2 |
| 13. | **Учесник во научен проект** „Ефикасност и економски раст на индустрискиот бизнис во современите услови“. | | | 1 | 8 | 8 |
| 15. | **Техничко унапредување** - овластен проценител на капитал на трговски друштва, јавни претпријатија и други субјекти -вештак од областа на сметководственото материјалното и финансиско работење -овластан сметководител | 3 | 2 | | | 6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **28.** | **Член во комисија за прием на документи и уписи на студенти 2012/2013;2013/2014;2014/2015 Член на комисија за проверка на студентско досие 2013/2014; 2014/2015;** | 5 | 2 | | | **10** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **26** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **135** |